Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 66а, 15 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/ асистент за наставно-научната област туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 5



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ/ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2602-66/7 од 18.4.2011 година, донесена на 50. седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, одржана на 18.4.2011 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање ***помлад асистент/асистент*** за наставно-научната област ***туризам и угостителство*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Дневник“, на 4.4.2011 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатката **м-р Снежана Дагалева**

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 7, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатката има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Снежана Дагалева** (моминско презиме Бардарова) е родена на 24 мај 1982 година во Штип, со постојано место на живеење во Гевгелија. Основното и средното образование – гимназија (природно-математичка насока) ги завршува со континуиран одличен успех во Штип. Високо образование завршува во 2005 година, кога дипломира на Правниот факултет „Јустинијан Први” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, насока Правни студии (граѓанско-правна група) и се здобива со академски назив **дипломиран правник**. За време на додипломските студии е активна во студенските организации ELSA, Сојузот на студенти на Правниот факултет и покажувава интерес за учество на научните конференции и семинари коишто биле организирани во рамките на Правниот факултет за што поднесува и стекнати сертификати. За време на студирањето заснова редовен работен однос во меѓународна шпедиција

На магистерски студии се запишува во 2008 година на Правниот факултет при Универзитетот ФОН во Скопје, насока Европско право и право на ЕУ кои успешно ги завршува со просечен успех над 8. Магистрира во 2010 година, со одбрана на магистерскиот труд со наслов *„Влијанието на меѓународните организации врз меѓународното право“* со што се стекнува со академски степен **магистер на правни науки**, научна област **европско право и право на ЕУ**.

Кандидатката е државјанин на Република Македонија и има доставено потврда за добро познавање на пишаниот и говорниот англиски јазик. Исто така, ги наведува вештините за одлично познавање на работа со компјутер Microsoft Office Tools (Excel, Word) Power Point презентации, како и вештините во комуникација, презентации, менаџирање на разновидни групи.

***Наставно-образовна дејност и работно искуство***

Нејзиното професионално - работно искуство се одвива по следниов редослед:

– 1.3.2002-12.2.2007 година, вработена во меѓународна шпедиција ДТУ „Баримекс ДООЕЛ"- Штип, каде што се занимава со секаков вид на царинско-шпедитерски проблематики како самостоен царински референт;
– 1.1.2007-1.6.2009 година, адвокатски приправник во адвокатката канцеларија во Гевгелија;
– 18.2.2008-9.6.2008 година, вработена како самостоен царински референт во шпедиција „Бак-шпед" ДООЕЛ – Штип;
– 1.3.2010 година до сега, согласно со Договорот за волонтерска работа со Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, успешно ги реализира сите зададени задолженија, при што покажува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и реализирање на оперативните задачи.
– Јуни 2010 година, член на Комисијата за упис на студенти на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија.

Професионалното работно искуство на кандидатката м-р Снежана Дагалева започнува во 2002 година во меѓународна шпедиција, каде што работела како самостоен царински референт. Во областа на меѓународната трговија со стоки (царинење, транспорт и шпедиција) кандидатката има работен стаж од пет години, сè до 2007 година и за работниот стаж има доставено соодветна документација. Две години работела како адвокатски приправник кај адвокат во Гевгелија, каде што се занимавала со секаков вид на граѓански и трговски спорови од национален и меѓународен карактер, за што има доставено Потврда од Адвокатката комора на Р.Македонија.

Во 2008 година успешно ја завршува специјализираната обука за правосуден испит и се здобива со сертификат за успешно завршена обука за полагање на правосуден испит. Во меѓувреме го положува општиот, практичниот и стручниот дел од државниот испит за државен службеник.

***Научноистражувачка активност, учество на научни конференци и сертификати за научно усовршување:***

– Сертификат за учество на третиот семинар на студентите по право од 16-18.12.2004 година во Охрид;
– Потврда за положен општ, практичен и стручен дел од испитот за државен службеник, издадена од Агенцијата за државни службеници од 3.9.2009 година;
– Потврда за адвокатски приправник, издадена од Адвокатската комора на Р.Македонија од 3.9.2009 година;
– Сертификат за завршена обука за правосуден испит од 31.5.2008 година.

***Објавени трудови и трудови во печат***

***Објавени трудови***

1. *Мултифункционална пољопривреда-основа за развој руралног туризма (Multifunctional agriculture-the basis for development of rural tourism)* **–** м-р Тања Ангелкова, доц. д-р Златко Јаковлев, Марина Стојанова, **м-р Снежана Дагалева,** Чачак, Србија од 4 до 5 март 2010 година;
2. *Agrotourism as a direct form of connecting tourism and agriculture in Stara planina, Serbia* - м-р Тања Ангелкова, доц. д-р Златко Јаковлев, Марина Стојанова, **м-р Снежана Дагалева,** Стара Загора, Бугарија од 12.5.2011 година;
3. *Management of Tourism and Entertainment* – доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Тања Ангелкова, доц. д-р Цане Котески, **м-р Снежана Дагалева,** First International Conference Menagment of Tourism and Entertainment, Софија, Бугарија, 2-3.4.2011 година.

***Трудови во печат***

1. *Tourism and business* - м-р Татјана Џалева, м-рТања Ангелкова, **м-р Снежана Дагалева**, доц. д-р Златко Јаковлев, Second International Conference Tourism and business Софија, Бугарија, од 3 до 4. 9.2011 година;
2. *Органско производство* – м-р Тања Ангелкова, **м-р Снежана Дагалева**, доц. д-р Златко Јаковлев, Марина Стојанова, Пловдив, Бугарија, во јуни 2011 година;
3. *Влијанието на меѓународните организации врз меѓународното право* - магистерски труд од 7.7.2010 год. чиешто објавување е во тек.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, објавените научни и стручни трудови, покажаната професионалност и одговорност во работата, како и ангажираноста во реализацијата на наставата, Комисијата заклучи дека кандидатката м-р Снежана Дагалева ги исполнува сите законски критериуми за избор во асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“, **кандидатката м-р Снежана Дагалева да се избере во звање *помлад асистант* за наставно-научната област *туризам и угостителство* на Факултетот за туризам и бизнис логистика.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Милан Илиески, редовен професор, с.р.**
**Д-р Љупчо Сотироски, доцент, с.р.**
**Д-р Нако Ташков, доцент, с.р.**